**20221972756**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 30 став 1 алинеја 1 од Законот за трговија (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 77/21, 215/21, 295/21 и 150/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 9 септември 2022 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ТРГОВИЈАТА НА ОДДЕЛНА СТОКА**

Член 1

Со оваа одлука се определува највисоката трговска маржа како посебен услов во трговијата на пазарот со електрична енергија.

Највисоката трговска маржа на електричната енергија за сите трговски друштва и трговци поединци кои вршат трговија на пазарот со електрична енергија на големо и на мало се утврдува во висина најмногу до 10%.

Трговската маржа за учесниците на пазарот на електрична енергија од ставот 2 на овој член ќе се пресметува на просечната цена на електрична енергија за MWh од Унгарската берза за електрична енергија (HUPX) на дневно, односно часовно ниво, цената на електрична енергија за MWh во билатералните договори и цената на електрична енергија за MWh во договорите за снабдување со електрична енергија.

Член 2

Заради усогласување со членот 1 став 3 од оваа одлука се склучуваат анекси кон склучените договори или нови договори во временски период од три дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Највисоката трговска маржа на електричната енергија од членот 1 на оваа одлука ќе се применува до 15 април 2023 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-7778/1
9 септември 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.